**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од седмото продолжение на Осумдесет и шестата седница на**
**Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 9 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток од 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Валентина Божиновска и Данило Глигоровски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор г. Саво Климовски. (Отсутен)

Има збор г. Илија Прангоски. (се откажува од дискусија)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по амандманот XVIII.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

(пратеникот Вангел Симев бара збор по претходниот амандман)

Готово, прашав три пати. Седете си тука, ќе работите и ќе си кажете.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за бришење на амандманот IV по кој предлагачот не се произнел.

(пратеникот Вангел Симев прашува од место зошто не му е даден збор).

Затоа што го заклучив претресот. Тоа во друго Собрание, а не во ова. (така му одговори претседателот на неговата реакција). Молам, Деловникот не дозволува повторно отварање расправа ако е веќе заклучен претресот.

Пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Биљали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харунин, Аслан Селмани и Абдуладi Вејсели, поднесоа амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Мевљан Таири, поднесе амандман на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа, поднесоа амандман на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров, поднесе амандман за бришење на амандман IV по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Горѓи Тодоров поднесе амандман за менување на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Рубенс Наумовски, Митко Тилевски и Илија Прангоски, поднесоа амандман на точка 1, по кој предлагачот не се произнел. Кон амандманот се приклучи и пратеникот Томислав Петровски.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ-Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров, поднесоа амандмани за менување на точка 1 и на точка 1, по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандман за однесување на називот преамбула од точката 1 и точката 1, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на Предлгот на амандманот IV поднесен од пратеникот Саво Климовски и пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Молам предлагачот да се произнесе.

Има збор г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? Има збор г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Колешки и колеги пратеници, амандманот IV е чueниот амандман за преамбулата на Уставот на Република Македонија. Новата преформулација на текстот на преамбулата, мора да се признае, дека е подобра од првата верзија каде беше избришан македонскиот народ, сега го има Македонскиот народ во преамбуалта, меѓутоа,

има и формулации на делови од народи што во превод и според меѓународната правна терминологија би значело малцинства. За нас малку зачудува зошто не е употребен меѓународно признатиот термин на малцинства.

Второ, кај нас создава забуна формулацијата во преамбулата со формулацијата во нормативниот дел на Уставот каде не кореспондираат.

Од тие причини ние предлагавме да се избрише и овој предлог на преамбулата и да остане старата преамбула уште повеќе заради тоа што преамбулата не произведува правни дејствија и воопшто не лимитира нечии човекови права.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 60 пратеници, од кои за гласаа 7 пратеници, воздржано гласаа 11, против гласаа 42 пратеници.

Бидејќи гласале 60 пратеници, моралм да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Сега се влезени двајца, вкупно имаме 64, значи биле 62 кога сме гласале, според тоа гласањето важи.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на текстот на Предлогот на амандмаот IV поднесен од пратеникот Саво Климовски и Ѓорѓи Тодоров.

Отворам претрес по амандманот за менување на точката 1 по текстот на Предлогот на амандманот IV , поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Биљали, Азис Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харунин, Аслан Селмани и Абдуладн Вејсели.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор г. Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Дали некој бара збор? Господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Амандманот предложен од група пртеници што ги прочитавте, всушност ја содржи формулацијата која беше утврдена во рамките на преговорите во Охрид под покровителство на претседателот и со посредување на господата од ЕУ и САД.

Бидејќи тој договор беше потпишан од сите учесници кои дадоа гаранција дека тоа ќе се спроведе, сметаме дека не е добро што дојде до промена на содржината на преамбулата и се понуди една формулација која без да се дискутира и аланализира сестрано внесе многу забуна и негодување меѓу политичките партии, пратениците и граѓаните на Република Македонија. Повикувајќи се на принцигмелноста на останување на веќе договореното, пратеничката група на ПДП смета дека треба да се врати формулацијата зад која стоеја сите четири политички партии и сметаме дека е тоа единственото добро и конзистентно решение за преамбулата.

Таа прембула која не повредува никого во оваа држава, таа премабула која се заснива врз граѓански принцип, таа преамбула која не врши рангирање и дискриминација на граѓаните по етничка основа или било кој друг основ.

Бидејќи Македонија е општество со различен верски, етнички и друг колорид, сметаме дека единствена перспектива за оваа земја е една прембула во која сите граѓани ќе бидат рамноправни и подеднакво ќе ја чувствуваат Република Макеоднија. Тоа е единствената гаранција за создавање на една внатрешна кохезија во Република Македонија, кохезија која е најпотребна, поготово во вакви бурни времиња во кои внатрешниот мир и стабилност се најмногу потребни.

Македонија ќе ја стекне таа кохезија, ќе стекне повеќе доверба и стабилност доколку подеднакво сите граѓани се рамноправни и подеднакво ја чувствуваат како своја оваа земја. Во спротивно секоја друга формулација која создава градација, која создава дискриминација помеѓу граѓаните ќе остава простор и понатаму одделни националности од земјата да се чувствуваат помалку рамноправни или дискриминирани што ќе биде извор на нестабилност и недоразбирање што претпоставувам дека не е желба на ниту еден пратеник во ова Собрание и на ниту еден граѓанин на оваа Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Биљали бара збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Благодарам претседателе, најпрвин да кажам дека незнам колку ова има логика за едно толку важно прашање да се расправа врз основа на процедура која е чиста формалност без да се расправа суштински или содржински од страна на претставниците кои се потписници на Рамковниот договор. Зошто ова го велам?

Го велам од причина што, ако се оди само како процедура се знае како ќе заврши. Ако ова прашање се поставува како

прашање кое треба навистина да се решава како политичко прашање, како чувствително прашање, тогаш треба да се врши корекција на грешката која е направена, а таа грешка е ревизија на Охридскиот договор без согласност на сите потписници на тој договор што е прв пример во меѓународната заедница да се случи такво нешто.

Но, да не останам должен, да не објаснувам и од формално-правен аспект зошто треба да се прифати амандманот. Тоа од повеќе причини, а најважни се најмалку две причини.

Прво, со концептот нација-држава, со колективистичкиот пристап кон ова прашање фактички се враќаме 200 години наназад односно прифаќаме теорија која е одамна напуштена во теоријата на државата и правото држава-нација. Тоа е прво.

Наспроти граѓанскиот концепт како заедница на рамноправни граѓани.

Второ, дури да се прифати концептот на нација-држава, најверојатно градацијата која се воспоставува таму е неприродна и несоодветна на реалноста на државата наспроти етничката структура на државата, бидејќи имаме етнички пристап. Никој не е против тоа што македонскиот народ стои на чело на нумерацијата, туку истиот принцип би требало да важи и за другите етнички заедници и нации, вака како што се набројува мислам дека е до крај неприфатливо од причина што без некоја граматичка корекција произлегува дека сите се народи освен албанците кои се малцинство. Ако се врши граматичка корекција, тогаш имаме само еден народ и сите други се малцинства ромите, албанците, турците итн.

Апелирам за ова прашање не да се гласа, туку да се расправа политички, поинаку ништо не правиме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Абдуладi Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Овој амандман што го поднесуваат пратениците од ПДП не нуди ништо ново освен почитување на договореното од лидерите на политичките партии кои се во мнозинство во ова Собрание.

Значи го нудиме тоа што се договаравме заеднички за да дојдеме до едно решение кое ќе биде прифатливо за сите. Велам заеднички затоа што за тој Рамковен договор во Охрид стојат четирите потписи од најголемите политички партии, стои потписот на претседателот на државата и стојат потписите на Меѓународната заедница, т.е. олеснувачите г. Пердју од САД и г. Леотар претставник од ЕУ. Затоа ние остануваме на тој став дека треба да се почитува Охридскиот Рамковен договор што реков претходно зад кој стојат потписите на четирите најголеми политички партии претставени во ова Собрание.

Од другата страна овој амандман нуди современ концепт на уредувањен а државата заснован врз граѓански концепт каде сите граѓани на Република Македонија се рамноправни, а измената што се предлага од страна на претседателот Трајковски во својство на предлагач е неприфатлива, бидејќи не води кон зајакнување на граѓанскиот концепт на државата, туку ги форсира етникумите и тоа со една битна разлика помеѓу едните и другите. Затоа во Макеоднија со новото решение предложено од страна на предлагачот на амандманот ова решение нуди категоризирање на граѓаните во Република Македонија, и едните ги става во прва категорија, а другите како втора и трета категорија.

Имајќи предвид и тоа дека албанците биле во Република Македонија, се родиле, се автохтон народ во Република Македонија е воопшто неприфатливо дека албанците во Република Македонија не се воопшто дојдени во Македонија, не се кирацiи во сопствената земја и затоа Рамковниот договор е најдоброто решение кое нуди просперитет на државата понатаму.

Затоа ние како пратеничка група на ПДП остануваме зад Рамковниот договор почитувајќи го сопствениот потпис што го ставивме на тој Рамковен договор а неприфатливи се сите измени кои се направени после тоа по желба на предлагачот и неконсултирајќи ја ПДП.

Затоа ние ова ново решение и новиот предлог од страна на претседателот не го прифаќаме, даваме амандман, амандман кој произлегува од самиот Рамковен договор кој првобитно сите го прифативме, сите лидери на политичките партии, а после тоа по нечија желба без консултација на ПДП се менува.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Амандманот од групата пратеници на ПДП во исто време значи дека сме до крај принципиелни кон тоа што значи Рамковен договор потпишан од лидерите од најголемите партии, претседателот на државата и олеснувачите. Но, сега не е во прашање само тоа. Прак-тично, мораме еднаш да се научиме да се сослушаме едни со други, затоа што се работи за нешто што навистина со една мала екстра волја на сите нас може овој проблем да се надмине, а најголемиот проблем, по се изгледа, е за и околу

преамбулата на Уставот, односно измените на Уставот.

Ако е така, мене уште некако не ми е јасно зошто лидерите на овие големи партии, претседателот на државата, кога во едно време и во една ситуација имаа и време и можност и волја да седнат неколку пати, а тоа неколку пати значи десетици пати за да може да се надмине тоа што треба да се надмине, во последно време добивам впечаток дека, како што сме поблиску кон тоа што значи да се надмине сето тоа што е парламентарна процедура, лидерите на партиите како веќе да не сакаат да седнуваат одеднаш сите на едно место. А тие, одеднаш, сите на едно место што не сакаат сега да седнат, како ќе можат понатаму да бидат двигатели, да бидат главни тие што треба да го имплементираат Договорот во секојдневиeто.

Отстапување од тоа што е договорено во овој случај во врска со преамбулата со чист граѓански концепт, односно текст. Имаме еднострано отстапување. Но, ние, како пратеничка група, како ПДП, откако сме сведоци на една дебата, жестока дебата во иакедонското милје или кај македонскиот народ, дека во преамбулата треба да стои референцата т.е. името македонски народ, ние и во овој случај преземајќи ја предвид нашата одговорност и разбирањето кон тоа што се случува, условно да кажам, во македонскиот дел, во сите тие јавни дебати, сме и бевме подготвени да разговараме и за некоја формулација каде ќе се удоволи тој интерес, таа желба на македонскиот народ, како народ во мнозинство дека треба и нека стои тоа што е во преамбулата "македонскиот народ".

Но, мене, сеуште пак не ми е јасно и би сакал да ми помогнете и вие колеги пратеници, ако одговорно сите се однесуваме кон едно вакво чуствително прашање, откако се отстапи со амандман за преамбулата од претседателот на државата и со амандман во врска со верските заедници, ние, уште немаме ниту една информација односно не се случи тоа да седнат лидерите на партиите и врз основа на аргументите, врз основа на волјата, желбата чиста, искрена да формулираат текст каде што и во таа градација што за мене знам дека и сигурен сум дека секогаш имплицира проблеми, но ете, со разбирање кон тоа што значи дебата, но да имате разбирање и во тој дел на таа јавна дебата и кај албанци.

Ако е така, кога би седнале претседателите на овие големи партии, па нека се вклучат и други ако сакаат, дури мислам дека и без олеснувачите можат да дојдат до едно решение кое е прифатливо, после кое ќе имаме спласнење или спласнување на сето тоа што значи фрустрации и кај македонскиот народ и кај албанците и кај другите и може да се реши проблемот. Затоа што, јас повторувам, текстот на актуелната преамбула, уште еднаш повторувам дека многу експресно и еднострано е направена, пишувана, доставена и прифатена.

Мене никогаш, дури ми треба сатисвакција во овој случај, некој со контрааргументи да ми каже, како е можно да се донесе одлука дека ќе се оди со една вака формулација на преамбулата кога едните разговараат, предлагаат тука од Кабинетот на претседателот на држават или Собранието на Република Македонија, а другите, во овој случај лидерите албанци седат, односно се во Александар Палас. И, текстот, од Кабинетот се пренесува во Александар Палас, таму чекаат лидерите на албанците,ваму се лидерите на македонците, условно да кажам. Мислам дека самата ситуација, самиот момент, самиот чин, како се одлучува за една преамбула и за еден нов текст на преамбулата воопшто не е прифат-ливо. Тоа е во дистанца и од местата каде се донесуваат такви одлуки, а воедно и плашење, односно непостоење на желба да се седне, да се соочат со аргументи тие лидери кои разговараат со месеци за овој Рамковен договор.

Сега, кога се даде шансата, кога се даде можноста да се разговара, верувајте ми дека имам впечаток многу повеќе и многу потрезвено и многу поодговорно разговаравме тука неколкумина пратеници кои чувствуваast одговорност и со луѓе кои се компетентни луѓе кои треба да имаат влијание за да се дојде до едно конечно решение околу преамбулата, кога требаше уште еден чекор да се направи и тоа лесен чекор, прифатлив, умерен, повторувам умерен, не сакаше некој. Дали од некој каприц, дали од некој инает. Меѓутоа кога се работи за доброто на државата, доброто на граѓаните мислам дека треба да се ретерира и ако правиш некоја грешка во еден момент и ќе се дојдеше до едно решение кое што најверојатно, скоро акламативно,најверојатно многу со позитивна енергија за понатаму и гарант за да ни успее сето тоа што го имаме како задача и како обврска, во овој случај во Рамковниот договор, а во овој случај и делот што значи преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Васил Гаџовски Васил. Не е тука.

Има збор господин Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседателе,

После редефинирањето на преамбулата кај албанскиот народ се создаде еден негативен момент, како што едната страна ја надмина другата страна, што можеби во суштина и не е така. Меѓутоа така чувствуваат албанците дека овој пат се изиграни.

Како најголема забелешка е дека тие, и со оваа преамбула се третираат во иста градација како и другите помали етнички групи, како што се турците, бошњаците и др. За нас, сигурно, апсолутно треба да не интересира авансирањето на статусот на албанците и

сигурно ние нема да се позиционираме да ги оспоруваме правата на другите помали етнички групи или да ги одземаме правата на македонците. Зошто, во тој случај ќе дојдеме во спротивност со самите себе.

Мислам дека скогаш, кога има искреност, а гледам во политиката ни најмалку нема искреност, можат сите ситуации да се надминат а токму и оваа ситуација.

Прво, на почеток треба да се истакне дека на таа средба во Александар Палас начелно се согласија сите четири потписници на Рамковниот документ. Но, за жал искреноста можеби не беше до крај од Партијата за демократски просперитет и почнаа можеби, индиректно или директно да не напаѓаaат со некои сили дека ние сме предавници итн.

Се согласувам дека и со оваа преамбула што сега се предлага задоволни не сме ни ние, меѓутоа начинот како може да се промени треба да се најдат патиштата без едни да напаѓаме други. Мислам дека треба да се најде методологија за разрешување на проблемот. Проблемот неможе да се реши на овој начин. Единствено проблемот може да се надмине само дололку има иницијатива да седнат четирите лидери и да се додаде тој мал збор "како и" да има сепак некоја градација меѓу политичките групи во Република Македонија.

На крајот би сакал да кажам дека јас лично ќе го поддржаг амандманот на Партијата за демократски просперитет, но би ги замолил дека овој начин и со наша поддршка, овој амандман сите знаеме дека нема да помине. Единствениот начин како може да помине амандманот или проблемот да се реши е другиот начин.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот дпо амандманот.

Во меѓувреме има пријави за дискусија.

Јавувајте се на време, додека можам да видам.

(Реакции од место).

Јас се на време гледам, само не можам да предвидам однап-ред кој како ќе се однесува.

Има збор господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Се извинувам заради малото ндоразбираше. Грешката беше моја затоа што не се јавив на време. Заправо, немав ни намера да се јавам, само кратко ќе кажам дека многу сум свесен за исходот од гласањето околу овој амандман. Моето јавување или нејавување нема да влијае на зголемување на бројот на гласовите во полза на овој амандман.

Второ, единствено што сакам да кажам дека реафирмацијата на формулацијата за преамбулата, прифатена во Охрид со Рамковниот договор треба да се гледа и набљудува од нас иратениците или од тие пратеници кои така мислат и во една друга светлина.

Имено, во текот на општата расправа, многумина тука излегоа со теза, се разбира сами поставуваат теза и сами потоа полемизираат со сопствената теза, но тоа е начин на изнесување на ставови. Отприлика беше речено дека албанците односно пртениците албанци инсистираат албанците во преамбулата да се именуваат како народ и тоа, потоа води кон сепарација, кон создавање на голема Албанија и целиот тој вокабулар на големи зборови и празни тези.

Дали сме барем согласни сега дека намерата на пратениците албанци и нивните полилтички партии не е да ги промовира албанците во народ во Република Македонија со Уставот, односно со преамбулата на Уставот, туку едноставно тие се залагаат за поинакво решение што не води кон тоа што одредени пратеници тука извлекуваaст заклучок дека, доколку така биде преамбулата, тогаш тоа води кон поделба на државата и тн. и тн.

Ете зошто мислам дека и кога зборуваме јавно, особено во Парламентот, во Собранието каде што се донесуваат закони, каде што се донесува Устав, се менува Устав и тн. треба да се биде одмерен во тоа што се кажува, да не се поставуваат тези кои што водат кон поттикнување на некои делби, на конфликти и меѓу луѓето и меѓу пратениците од различна партиска и друга припадност и тн.

Доколку е тоа така, еве шанса, беше понудена и со Рамковниот договор и сега со амаднманот на Пратеничката група, да го прифатиме тоа. Засега толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 15, воздржаноне гласал никој и против гласале 46 пратеници. Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по Амандманот на точката 1 на текстот на Предлогот на амандманот IV поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, амандманот по кој што сега претставниците на претседателот, односно предлагачот на уставните амандани го одби, мислам дека не дава надеж дека на некој начин ќе се излезе од оваа ситуација во која сите се најдовме, бидејки механизмот на одлучување е тој, доколку се разбира нема договор како што беше потенцирано и од повеќе пратеници, доколку не постои политички договор помеѓу релевантните политички субјекти апсолутно е невозможно некоја идеја, може да е таа и најлогична и најприфатлива и најсоодветна за една ситуација во која што се најде Република Македонија и за задоволување на желбите на сите, односно за отсликување на реалната политичка состојба во почетокот – на пишувањето на Уставот во самата преамбула, за жал изгледа нема можност да пројде. Но, во секој случај јас ќе се обидам уште еднаш на тие што најверојатно и не се упатени за што се работи во тој амандман, да ја објаснам целата логика на предлогот. Имено, иако тоа веќе еднаш беше направено во ова Собрание во еден друг наврат. Се работи за почитување на реалните состојби. Имено, доколку веќе ние како албанци ја прифаќаме фрустрацијата која што постои кај македонскито народ по однос на разните негирања на државноста. на нацијата и на редица други прашања кои што се поврзани со некои реални состојби во окружението и ако веќе таква една, задоволување на тие потреби на македонскиот народ преку истакнување на таа припадност во самата преамбула ние ја прифаќаме. Сметам дека исто така реални и прифатливи би требало да бидат и барањата на албанците да се истакне нивната улога и важност во самото креирање на иднината на оваа држава и да се издвои на некој начин од другите етникуми без намера да се оцени нимната улога. Но, сепак да се направи соодветна дистинкција помеѓу тоа што е реално и опстојно во Република Македонија.

Амандманот кој што се предлага затоа започнувајки така како што и самиот предлагач го има направено: граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, припадниците на албанскиот народ во Република Македонија како и турската, ромската, редејки ги сите националности. Мислам дека ова е единствената логична формуација која што овозможува излез од оваа ситуација. Од друга страна несомнено дека ако предлагачот останув ана овој предлог и покрај тоа што најверојатно ќе слушнеме дека со овој предлог се обезбедува соодветен третман, односно недискриминација на сите етнички групации во Република Македонија, тоа несомнено не е така и за жал се плашам дека сакајки, или несакајки предлагачот влегува во една друга опасна варијанта промовирајки народи и таму каде што тие дефакто и не се.

Така што таа игра со зборови, мислам дека на некој начин ќе се врати како бумеранг во догледно време за сите нас овде и со оглед на тие состојби предагачот да размисли уште еднаш за овој предлог, а воопшто и за излез од оваа ситуација. И на некој начин јас го афирмирам повикот кој што беше направен овде за уште една средба меѓу лидерите и обид да се изнајде соодветна формулација која што ќе биде прифатлива од сите. Предлагам логиката на излезот од оваа ситуација да биде содржината на амандманот што јас го предлагам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници бидејки не прифативме преамбула со која Македонија треба да биде граѓанска држава, мислам можеби ќе имавме една голема грешка во овој момент и за Република Македонија тоа ќе беше едно решение каде сите граѓани ќе беа, или можат да бидат рамноправни во нашата заадничка држава. Ако веќе одиме на некоја друга солуција, значи ако одиме на некое друго решение, тогаш треба да се прифати амандманот поднесен од пратеникот Мевљан Таири, бидејки овој амандман може да се прифати од сите и да бидеме задоволни. Од една страна се работи за национална држава, не веќе по демос, туку по етнос и мислам дека ќе бидеме задовлни и ќе реши некои недоразбирања амандманот кој е предложен, односно што е пред вас. Така што јас го прифаќам овој амандман и апелирам за овој амандман.

Од друга страна сакам да ја искористам оваа моментална ситуација, бидејки сум пред говорница, имам збор, апелирам ако е можно како што имавме случај со амандман V исто и со амандманот IV, да поминеме односно да не одиме понатаму да работиме со амандманска расправа, бидејки ќе биде во интерес на сите нас да ги завршиме сите други амандмани по амандманска расправа и на крај да се вратиме како што е дојден последниот и последен да се реши амандманот IV, значи за преамбулата. Тоа ќе биде во интерес на сите, ако е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, немам многу да образложувам околу амандманот на колегата Мевљан Таири. За мене е несватлива една работа и сакам да бидам сигурен во тоа дали претставницит ена предлагачот на Рамковниот договор кои се присутни во Собранието на РМ имаат право да прифатат амандман. Ако тие имаат право да прифатат амандмани, тогаш ние да ги образложуваме амандманите, ако тие немаат право да прифатат амандмани, тогаш да заземеме друг став, или предлагачот да биде тука, или слично.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие имаат овластување да прифатат амандмани на амандмани.

Дали некој бара збор?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, ние веќе имаме предлози од неколкумина пратеници кои припаѓаат на различни пратенички групи и по можност да се разговара за ова прашање и да не се препушта се ова на чистата процедура, или на формалност. Мислам дека имаме еден амандман пред себе кој според мене многу прецизно и внимателно е балансиран, така што ги содржи сите важни компоненти, го задоволува овој амандман и политичкиот сегмент, а ја задоволува и структурата, реалноста која ја има државата Репбулика Македонија. Имено, тука со ништо не се нарушува концептот кој произлезе од јавната расправа дека синтагмата македонскиот народ е важно да постои и тука стои, дури со соодветен приоритет кој го има во амандманот. Направена е и градација соодветна на структурата која ја има државата. Ако е потребно, мислам дека предлагачот и самиот најави, овој амандман може да служи како основа, ако е потребно да се одземе, да се додаде нешто, меѓутоа тука е тоа. Најверојатно никому нема да наштети таквата формулација на овој амандмна, туку напротив ќе ги задоволи потребите на сите пратенички групи и национални заедници за да можат да го подржат договорот сите пратенички групи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ**

Мислам, не само што мислам, туку имам чувство дека многу ноншалантно се однесуваме кон предлозите иако прашањето за кое разговараме е многу сензитивно и може да повлече можеби за некој тука и сега неразбирливи консеквенции за иднината.

Ако некој успеа со дигање многу прашина и галама во изминатиот период да направи тоа што направи и сега мисли дека може многу мирно да ја следи оваа расправа со скрстени раце и едноставно кажувањето на претседателот кој е за и против, така лесно да се изјаснува за и против и дека со тоа ја симнал одговорноста од себе за тоа што ние денеска расправаме и за што одлучуваме, мислам дека е неодговорен чин и неодговорно однесување. Оваа упатена ваква забелешка се однесува на првиот човек кој на чело на Собранието седи и така мирно ја следи оваа расправа, господинот кој во изминатиот период беше многу гласен, многу немирен, многу знаеше да подметнува разни ситуации како да ја блокира работата на Собранието, измислувајки разно разни услови и причини, но и од некои пратеници кои исто така беа многу вознемирени во изминатиот период и така се однесуваа. Не е тешко и овој амандман сега да го ставите на изјаснување и Собранието да го отфрли, како што го отфрли и претходниот. Така ние сме имале многу прилики во изминатите десет години, на предлози на пратениците албанци мнозинството да се однесува многу ноншалантно и да ги одбива предлозите, не размислувајки политички потоа што последици и консеквенции може да има по државата. И впрочем не е никаква тајна дека таквото однесвување нам не доведе до една сериозна криза пред која требаше да се вклучи и Меѓународната заедница и сите за да можеме да најдеме решение да излеземе од таквата криза. Значи, апелот и моето барање е во насока на тоа, потрезвено, по сериозно и со поголемо чувство на одговорност да ги гледаме предлозите. Доколку нашиот предлог кој од принципиелни причини се разбира ја содржеше формулацијата од Охридскиот договор зад која впрочем стоеја четирите политички партии потписнички на Рамковниот договор, предлогот на г-динот Таири отстапува и тоа не случајно отстапува, не дека тој е убеден дека само таа формулација е можна, или Охридската не беше добра, туку свесен за она што беше нагласокот, расправата во Собранието во изминатите две фази и расправата по иницијативата и по нацртот на измените на Уставот. И се разбира во дослух со она што беше јавна расправа дека можеби не е добро и ќе биде грешка доколку референцата макеоднски народ изостанува од преамбулата.

Предлогот на г-динот Таири токму тоа го прави. Се обидува да ја запази суштината, или заедничкиот именител на јавната расправа за задржување на референцата македонски народ. Но, тој сепак се обидува тој предлог да формулацијата на претседателот која апсолутно не е прифатлива за албанците да во дослух со она што беше одјек на јавноста условно кажана албанска во Република Македнија соодветно да се манифестира и во содржината на предлогот како што е содржан и одјекот од расправата за барањето референцата македнски народ да биде содржана. Притоа несакајки како што еден се обиде тука да ја извитопери тезата и барањето да албанците сепак реално, објективно се одразува во содржината на текстот, наводно дека тоа е барање против другите што никогаш не било присутно од ниту еден пратеник, еве ќе се осудам да кажам албанец, не само од пратеничката група на ПДП. Напротив, секогаш сме барале соодветна позиција за граѓаните кои ги застапуваме, притоа не засегнувајки во ниту еден момент на положбата, правата и статусот на другите, било тоа да се македонци, било тоа да се од друга етничка припадност. Но, барањето, ззалагањето албанците да имаат соодветен третман и компатибилен со реалното нивно присуство во Македонија тоа не значи спротивставување и барање другите да немаат соодветен статус. Ако е тоа така, а така

е несомнено, тогаш сите овие референци всушност предлогот на г-динот Таири ги содржи и ја отлискува реалноста на структурата етничка во Република Македониа. А соодветно на етничката структура после се отсликуваат и другите прашања, аспекти, димензии, состојби во Републиката. Длабоко сум убеден дека овој предлог не ги засегнува чувствата на македнците, ни чувствата на другите. Овој предлог само се обидува соодветен третман и положба да обезбеди за албанците. Длабоко сум убеден дека ова решение е компатибилно и со нормативниот дел каде што иако не сакаме експлицитно да стои како втор службен јазик албанскиот но, со самото тоа што го условуваме службениот карактер на јазикот со 20% од населението, индиректно го кажуваме она што реално е. Тоа значи, албанскиот. Амандманот VIII, амандманот XI и т.н. каде што индиректно упатува на реалноста. Таа реалност сега треба да биде компатибилна, односно соодветно претставена и во преамбулата. Во спротивно ќе имаме дискрапанца помеѓу преамбулата и нормативниот дел како со таква содржина. И што е најбитно, длабоко сум убеден дека оваа содржина, овој амандман може да ги премостува недоразбирањата и да биде шанса за обезбедување на една поголема кохезија, шанса за мир и стабилност во земјата. Предлагачот дури се понуди овој предлог да биде основа за да тргне еден процес во последен момент можеби да се спаси нешто, па макар и во содржината на тој амандман да се најде и по соодветно доколку има по соодветно, иако мислам дека до крај е соодветна содржината на овој амандман.

Ако и ова барање и овој упатен сигнал од страна на предлагачот, а како што гледате и од пратеничката група на ПДП, но и од други пратеници тука, не се сфати добронамерно, мислам дека ќе направиме уште една грашка која се плашам дека може да не одведе во несакан правец, во правец во кој ќе се движи во иднина Република Македонија, во првец кој може Република Македонија повторно да ја врати во ситуација, после одреден период, повторно да седнеме да разговараме за тоа што треба да се корегира, за да се чувствуваме побезбедни и помирна земја. Ако имаме шанса сега тоа да го направиме, јас го поставувам прашањето зошто тогаш создаваме ситуација, после некое време, за истото прашање да разговараме, но се разбира тогаш со соодветни последици кои можеме да ги имаме по нас. Дајте да бидеме пофлексибилни, почувствителни, порационални, индикациите кои ги имаме да ги пресечеме на време и да не дозволиме во иднина да се занимаваме со последиците, наместо сега да ги отстраниме причините.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, Ние веќе од кога ги отворавме проблемите за кои и денес дискутираме по повод промена на одредени ставови и постулати за Уставот, за новиот Устав. Сметам дека навистина треба трезвено да размислуваме и длабоко да ги почувствуваме сегашните проблеми што ги носиме тука и за во иднина.

Се разбира, јас и Демократската партија на Албанците во Македонија сметаме дека денес на оваа наша планета, во оваа наша земја треба да одиме со поконкретни и поголеми перспективи и чекори кон тоа што значи иднина. Одејќи кон таа проблематика, сметав дека единствениот начин ќе може сите овие проблеми со кои се судираме, а веројатно и поради тоа што ние не сме биле во состојба и порано да ги согледаме и да ги расчистиме проблемите еден по еден, еве се создаваат вакви кошмари и проблеми. За да се расчистат проблемите мораме навистина длабоко да размислуваме каде е нашата одговорност и што понатаму, што оставаме за идните генерации, какви перспективи и што понатаму. Доколку денес се наоѓаме во една хаотична и замаглена состојба, а се наоѓаме, еднаш треба да ни дојде умот, да воспоставиме еден ред и навистина оваа генерација и идните генерации да имаат спокојство, да го организираат животот како што треба. За мене Уставот значи еден документ кои ги канализира или ги воспоставува односите како треба да живеат луѓето во рамките на таа држава, се разбира во нашата држава, во нашата татковина. Во однос на тоа, кога разговаравме ете за многу други прашања, па и по повод овој амандман, сметавме и сметам дека демосот треба да преовладува. Меѓутоа, поради тоа што Рамковниот договор од Охрид, за кој се договориле најголемите политички партии, да кажам искрено кој го прифативме со голема радост затоа што тој Рамковен договор ги решава проблемите еднаш за секогаш, во оваа насока кога зборуваме за политички постулати. Денес кога имаме конкретен предлог, конкретен амандман како да ги решиме нашите проблеми, како да одиме кон нови чекори, сметам дека го оставивме од една страна демосот, пак се враќаме на "нација". Во амандманот апсолутно не се деградира ништо од тоа, туку останува формулата дека носител на суверенитетот во Република Македонија е граѓанинот, но се разбира распоредено според етносот. Амандманот на господинот Таири, навистина има една дистинкција која сметам дека навистина ќе ги реши проблемите и дека таа точка ќе се реши.

Значи, македонскиот народ како фонема и како поим останува во Уставот носител на сувереноста, остануваат и албанците како дел од една популација,

останувaат и другите. Мора во овој свет, па и во нашиот македонски свет, да има навистина еден ред. Мора да има еден хронологизам, за да можеме сите да ги почувствуваме нашите потреби, а се разбира и нашите одговорности кон себеси и кон државата.

Затоа, сметам да не избрзаме, да седнат челниците на поголемите политички партии да поразговараат уште еднаш за тоа, затоа што овој амандман за мене е прифатлив и сметам дека ќе го реши проблемот за долги години, можеби и за секогаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претсеедателе, дами и господа пратеници,

Јас очекував и амандманот кој беше пред амандманот на господинот Мевљан Таири, од група пратеници од ПДП, да ја добие поддршката од мнозинството пратеници, меѓутоа, за жал, тој доби само 15 гласа, а тоа значи за тој амандман гласаа само пратениците албанци. Меѓутоа, сега имаме сличен амандман од господинот Мевљан Таири, кој мислам дека треба да ја добие поддршката од страна на пратениците, бидејќи ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да му овозможиме на господинот Оломан Сулејмани да зборува, седнете си сите на своите места.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи една максима вели: "Од грешките учиме сите ние". Една грешка се направи во ова Собрание неодамна, тоа е 1991 година, кога сегашниот Устав не ја доби довербата од страна на албанските пратеници, односно не гласаа албанците државјани на Република Македонија за тој Устав. Сега поставувам логично прашање, дали не сме ставени уште еднаш на испит како Собрание, да ги повторуваме грешките, кои велам за жал тие грешки ги плати Република Македонија, односно државјаните на Република Македонија многу скапо, односно се манифестираше со војна. Нема да должам во овој дел, бидејќи на сите нас ни е јасно колку не чинеше таа војна. Меѓутоа, би се навратил малку на Рамковниот договор кој се потпиша во Охрид. На сите ни е јасно дека "Двете страни", би рекол во наводници за жал што зборуваме во овој стил, македонската страна и албанската страна во тие преговори излегоа незадоволни, па ценетиот господин Робер Бадинтер во една прилика ќе рече: Кога две страни се незадоволни тоа е правниот компромис и така замина од Република Македонија дека правиот компромис се најде, а тој компромис ќе ја извлече Република Македонија од кризата која на некој начи сами ние ја вовлековме, бидејќи нас некој начин дадовме свој придонес. Меѓутоа, кога сите бевме незадоволни, но на некој начин бевме потписници на тој Рамковен договор, и граѓаните на Република Македонија и меѓународниот фактор беа сигурни дека тој Рамковен договор треба да се имплементира токму во ова Собрание. За жал и ден денес тој Рамковен договор со разни игри од сите нас и од поединци кои фактички играат во тоа лошо оро би рекол, што Република Македонија ја вовлекуваат уште во непознати работи, и од "јавната дискусија", во наводници би рекол, произлегува нов амандман, односно предлагач е претседателот на државата Борис Трајковски, кој ние како пратеници албанци го прифативме на некој начин, бидејќи македонскиот народ чувствуваше за потреба да се најде во Преамбулата. Да не се повторувам со моите претходни дискутанти и колеги пратеници, меѓутоа, како да се најде слух, а не се најде, но требаше да се најде слух, бидејќи тој Рамковен договор веќе претрпе измени во позитивна смисла за македонците, меѓутоа, со каква храброст би рекол сега ние треба да гласаме за промените на Уставог со една ваква Преамбула која ни се предлага и дали ќе ни се повторуваат грешките, дали треба да дозволиме да ни се повторат грешките, кои за жал ние ги направивме 1991 година.

Уште една максимас вели: "Додека умните го бараат мостот, неразумните ја поминуваат реката". Јас велам ние умните, т.е. и граѓаните на Република Македонија, бидејќи ние не сме најумните, треба да го најдеме мостот, кој мост треба да и служи на Република Македонија за зближување. Впрочем, знаеме дека мостовите фигуративно служат за зближување на луѓето, а јас одговорно тврдам дека сеуште има време умните да размислуваат и предлагачот, а тоа може да го сторат и координаторите на пратеничките групи, кои впрочем сме и членови во оваа Влада, која засега раководи со државата. Да не се избрзаме и да донесеме брзи заклучоци, кои заклучоци нема да не водат кон она што значи Република Македонија, кон она што значи зближување како што реков пред малку мостови и кон она што ние, барем албанците, и ние ја чувствуваме Македонија како наша држава, меѓутоа, со сето она дека македонскиот народ и бројчано е поголем, нека биде под број еден, се согласивме со тоа, и пред малку реков, меѓутоа, зошто да немаат слух пратениците македонци дека нивните колеги пратеници албанци овде 10 години се залагаат за да бидеме рамноправни во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас ја користам мојата деловничка можност да го користасм по амандманот кој е предложен.

(Во салата се слуша звонење на мобилен телефон).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, телефоните исклучете ги, чиј телефон ѕвони?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

За среќа, разни телефони имаат различна музика па некој може а се забавува тука, но јас сепак ќе продолжам со дискусија.

(Ѕвонењето на телефонот престана)

Ќе продолжам со дискусијата.

Господа пратеници, нашите ставови се општо познати за амандманот односно за проблемот со кој се врзува предложениот амандман, затоа што тоа го покажавме и во општата дебата за истиот, но мислиме дека секогаш е потребно и добро е да се разменуваат мислења, пред се аргументи, со кои би можеле да овозможиме и на другите колеги сепак да сфатат дека тоа што е наш ангажман и што се преточува често во разни амандмани, сепак е желба од наша страна да се изнајде најреално и рнајповолно решение, кое би било прифатливо за сите што се тука и што на некој начин го претставуваат тоа што значи суштествена база за создавање на некои односи, од кои би произлегле демократски вредности.

Тргнувајќи од тоа, јас мислам дека и во текот на претходните дискусии, пред да се предложи ова ново решение, ние бевме сведоци тука и на разни дебати и на разни емотивни понезкогаш неконтролирани изјави, кои произлегуваа од фактот дека решенијата пред се се неприфатливи само поради фактот барем таков впечаток можеше да се добие дека решенијата се неприфатливи за мекедонците само поради тоа што во Преамбулата не стои зборот "македонски народ". Тоа најчесто се објаснуваше на фактот дека од тоа произлегува чувството на загриженост за својата нација, визави разните негирања по разни основи, од разни страни. Мислам дека тоа и тогаш беше и сега е легитимно право на секој припадник на одредена нацина, било да се работи за македонците, било да се работи за албанците, било да се работи за други националности врз кои има такви тенденции и можни акции од другите страни.

Во тоа време, кај нас, особено кај мене лично преовладуваше чувство на разбирање и одговорност поради фактот што македонскиот народ се наоѓаше пред една таква можна комбинаторика, кокја можеби би била последица на едно такво решение, иако решението беше предложено и прифатено од наша страна не како желба да се поништи или да се избрише некој народ од таа Преамбула, туку како едно решение кое во едно мултиетничко општество, со цел да се гради модерна држава, под претпоставка дека таа нова држава се гради со веќе етаблирани народи, беше прифатлива и за нас.

Бевме спремни да слушнеме такви аргументации што произлегуваат од тоа чувство. Тоа ќе го поврзам и со еден момент кој беше искажан од еден пратеник дека сепак не може да гласа за едно такво решение, без разлика на партиски став, поради тоа, кај него постоело едно зрнце некаде во душата што не подлегнува ниту под партиската директива и тоа, јас би рекол, сосема легитимно зрнце и сосема светло зрнце и мислам дека секој припадник од било која нација треба да го има и го има во својата друша. За мене сега се поставува една дилема и една енигма.

Дали беше тоа чувството или поради таквото чувство, само поради тоа што не беше спомнат македонскиот народ и кое што највероватно произлегуваше и од такво едно зрнце кое секој го има во својата душа, или кај некои луѓе има уште едно зрнце со кое сака другите по секоја цена да ги држи малку подолу од себеси. Ако кај другите постои едно такво прво зрнце, кое ги карактеризира по своите емоции и карактеристики што треба да го има секој, мене ова другото ми изгледа и одбивањето на една таква солуција, која што е предложена и со спомнатиот амандман за кој дискутираме, изгледа е резултат на постоење на едно уште друго зрнце кое изгледа кај него го надвладеа и сака по секоја цена другите да ги има малку подолу.

Дискусиите со кои сакаше да се докаже дека загрижeноста за својата нација и потребата да се промени таквата Преамбула, со неприфаќањето на овој амандман и такви слични амандмани кои може да ги има, докажува дека таквото чувство за да се гледаат другите малку подолу од самите себеси како народ, мислам дека е загрижувачко и мислам дека со такво чувство тешко е да се градат демократски односи и тешко е да се гради демократска и модерна држава за која што ние се стремиме.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Положани.

Исмет Рамадани има збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги,

Иако највероватно на екранот стои дека се јавував за дискусија, јас, дури можам да кажам сега дека излегов процедурално да интервенирам во овој случај, затоа што памтам дека од оваа говорница еднаш ни зборуваше еден голем човек Еливизел. Неколку пати го повтори тоа дека ако нешто се случува околу тебе, а ти остануваш индиферентен, тоа е многу опасно и тоа не е добро. Што сакам да кажам со овој случај.

Има една голема вистина дека Парламентот, пратениците и првиот човек на Парламентот господинот Андов, не беа вклучени во сето тоа што беше, разговори, преговори околу Спогодбата, Рамковниот договор. Еве една шанса, еве една голема прилика и добра прилика без никаква навреда кон нашите лидери, без никаква навреда кон сите тие што учествуваа како олеснувачи за да се стигне до еден Рамковен договор, треба една интервенција која очигледно, очигледно дека веќе ги тера на размислување, трезвено размислување пратениците, од сите пратенички групи, мои колеги тука. Се разбира и со поддршка на амандманот од предлагачот и со поддршка на тоа што значи дигнитет на Собранието, дигнитет на самите наши пратеници и улогата на самиот Парламент во едни вакви прилики.

Предлагам, да се повлечат координаторите на пратеничките групи, да седнат со претседателот на Собранието, ако сака некој да се вклучи по негова желба, за да помогнат во оваа ситуација, уште подобро.

Предлагам, ова од претседателот на Собранието да се уважи како предлог, а воедно барам и пауза од еден саат, затоа што сметам дека во овој случај ќе направиме нешто големо и добро за сите нас.

Благодарам, повелете претседателе, предлогот или вие уважете го, или заедно со нас сите пратеници. Најдобро е тоа, вие како пратседател, затоашто сепак сте прв меѓу сите тука како пратеници.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Исмет, веровaтно си многу чувствителен за она што го говориш. Планот ќе оди вака.

Овие што се јавиле за говор ќе говорат, а одмор ќе биде во 15,30 часот. Тогаш паузата ќе биде. Дозволете една работа. Пауза, сега некој ќе дојде, некој ќе предложи, да се состанат. Тука се координаторите, нека се состанат, другите нека работат. Неможе, ќе излезете на говорница, дајми пауза. Луѓе, дали имаме намера да работиме или да се паузираме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Кога јас барам пауза како заменик координатор, барам во името на претеничката група. Мислам дека има една пракса, уважена пракса секогаш. Мислам дека денеска и расправата е многу логична, многу умерена, многу смирена, мислам дека и атмосферата и амбиентот ми дава за право да не може да се заостри. Тие кои ќе ја заострат, најверовaтно ќе сносат нивна одговорност. Паузата што ја барам во името на пратеничката група треба да се уважи господине потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Рековте половина час.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Еден час.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро тогаш, пауза еден час. Тогаш, пауза до четири и половина. (Реакција на пратениците)

Заедно со прекинот, до четири и половина, да не правиме одлагање.

(Пауза од 14,30 часот)